**ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО ERASMUS+ ПРОЕКТ**

**СОЕПТУ "КУЗМАН ЈОСИФОСКИ-ПИТУ" ОД ПРИЛЕП ОБЈАВУВА ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА.**

Проектот **"Подобри ги своите вештини за критичко размислување, реши ги проблемите"** е финансиран од страна Европската Комисија преку Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност во Македонија.

Проектот се реализира во партнерство со училишта од Италија, Унгарија и Романија,. Во рамките на проектот треба да се реализираат 15 мобилности со ученици во наведените земји.

Право на учество имаат:

- одлични ученици кои во учебната 2022/2023 се во прва, втора, трета или четврта година во СОУ Кузман Јосифоски-Питу-Прилеп
- ученици со примерно поведение.
- ученици со одлични комуникациски вештини.
- ученици кои имаат солидни познавања од областа на компјутерската технологија
- ученици кои имаат солидно познавање на англискиот јазик (можно е тестирање)

Сите ученици кои сакаат да се пријават за учество на овие мобилности да испратат свое CV во Europass формат, мотивационо писмо и презентации, едната на тема „Демократија – човечки права", другата на тема „Дискриминација". Сите документи треба да бидат на англиски јазик. Потребните документи да ги испратат до координаторот на проектот на следната емаил адреса: mimozamijoska@gmail.com.

Краен рок за пријавување е 12.10.2022 година.
Интервју со пријавените ученици ќе се одржи на 12.10.2022 во 12 часот.
Трошоците за патувањето и престојот се покриени со средства од проектот.

Координатор
д-р Мимоза Мијоска

В.Д. Директор,
Цеца Видова - Трајческа